Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 02/0306
03.01.2019 год.
Скопје

03.01.2019

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 3 јануари 2019 година, врз основа на примени жалби од Валон Мифтари и Насер Мифтари, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет порталот „Досие.мк“, со текстот насловен „Кој е полицаецот кој загина утринава кај Маџари“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1 и 7.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 20 декември 2018 година, Валон Мифтари и Насер Мифтари, поднесоа жалби за текстот насловен „Кој е полицаецот кој загина утринава кај Маџари“, објавен на 19 декември 2018 година, на интернет порталот „Досие.мк“ (www.dosie.mk), како и на неговата Facebook страница.

Во двете поднесени жалби од Валон и Насер Мифтари се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, нарушување на приватноста, пристрасност во информирањето, повредени авторски права, навреда и клевета.

Валон Мифтари во претставката пишува дека веста, за како што вели, неговата виртуелна смрт предизвикала голема вознемиреност кај сите во неговото семејство, кај неговите пријатели и познаници, не само во Македонија, туку и во странство.

*„На објавата го има моето име и презиме, мојата слика и пишува дека сум загинал во сообраќајка во раните утрински часови. Многумина ме преплавија со телефонски повици, исплашени и шокирани пред објавата да биде избришана“,* посочува Валон Мифтари во жалбата.

„Нарушен ни е дигинитетот, достоинството, емоционалното здравје... Се' уште одговараме на телефонски повици... Само тој што чувствува, може да разбере“, вели Насер Мифтари во својата жалба.

Насер Мифтари, меѓу другото, ја отрфли можноста за помирување со „Досие.мк“ и побара Комисијата да постапува по жалбата, откако интернет порталот јавно му се извини на Валон Мивтари и неговото семејство, признавајќи дека објавил погрешна информација за идентитетот на загинатиот во сообраќајната несреќа кај Маџари.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Досие.мк“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Досие.мк“ не одговорија на наводите на жалителот.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 7:

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 7:*** *Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 3 јануари 2019 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Без да навлегува во причините за објавувањето на целосно неточната информација, членовите на Комисијата веднаш утврдија дека се работи за грубо прекршување на новинарските стандарди. Комисијата констатираше дека во текстот, кој потоа е повлечен, а самиот интернет портал објавил и извинување, е објавен погрешен идентитет на загинато лице во сообраќајна несреќа, во случајов на подносителот на жалбата, Валон Мифтари, вклучително и негова фотографија.

Со тоа, авторот отстапил од членот 1 од Кодексот на новинарите, според кој новинарот треба да објавува точни и проверени инфромации и точноста на информацијата да ја провери колку што е тоа можно. Отстапувањето од ова начело е евидентно уште во самиот наслов и воведниот дел на текстот:

***„Утринава во сообраќајка кај Маџари загина полицаецот Валон Мифтари. Млад вработен во полицијата со службеното Венто ја поминал железничката пруга“.***

Проверката на податоците се морални императиви на новинарот и затоа тој е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Потребата од брзина никогаш не смее да ја загрози точноста, кредибилитетот и професионалноста на текстот.

Понатаму, Комисијата најде дека во текстот, во чии рамки е објавена и фотографијата на Валон Мифтари, посочен како жртва во сообраќајна несреќа, е прекршен и членот 7 од Кодексот на новинарите, според кој новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост.

Информации за приватниот живот на одредена личност можат да бидат објавени само доколку однесувањето на таа личност во приватниот живот има влијание врз јавниот интерес. Во такви ситуации, треба да се провери дали објавувањето на информацијата би можело да загрози и некоја друга личност.

Членовите на Комисијата, во исто време, се согласија дека правото на јавноста да биде информирана не може да биде оправдување на потребата од сензација. Кога известуваат за настани, кои предизвикале лични трагедии, болка и шок – новинарите, фоторепортерите и снимателите треба да покажат сочувство, дискреција и обзир.

Комисијата, на крајот, го зеде предвид и фактот дека интернет порталот „Досие.мк", по утврдената грешка, веднаш го повлекол текстот и објавил извинување до подносителот на жалбата Валон Мифтари и неговото семејство. Оттука, Комисијата се понуди да посредува преку процес на медијација (помирување меѓу двете страни), но таквата можност беше отфрлена од страна на жалителот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Досие.мк" (www.dosie.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595